**Здружение на судии**
**на Република Северна Македонија**
**Бр.** 258/0101
26.06 **20**20 **год.**
**С К О П Ј Е**

Советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници при Здружение на судиите на Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 22.06.2020 година, донесе

## МИСЛЕЊЕ

***Судијата како и секој граѓанин, го ужива правото на слобода на изразување, во границите на неговите законски права и обврски, начелата за судската власт, принципите за непристрасност, интегритет и пристојност, а во име на дигнитетот на судијата и судиската функција.***

***Со оглед што вршењето на судиската функција е предмет на постојано набљудување, судијата како во својот професионален така и во својот приватен живот, со своите изјави и активности на социјалните мрежи, медиуми и платформи, е должен да внимава да не го наруши својот углед, како и да се грижи за сочувување на довербата на јавноста во судскиот систем.***

***Судијата треба да ги користи социјалните медиуми со цел за приближување до јавноста на работата на судовите и подобрување на перцепцијата за судиската функција.***

## О б р а з л о ж е н и е

До Советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници се поднесе иницјатива од страна на судија Шпенд Деваја – судија на Врховен суд на Република Северна Македонија која содржеше прашање ***Дали судија може да ги користи социјалните медиуми како начин на комунијација со другите судии, односно колеги (обвинители, адвокати, професори, правници и др-) и до која мера може да тој/таа да ги користи, односно треба да има?***

Прашањето е од од областа на судиската транспарентност, односно во врска со користењето на социјалните медиуми (Facebook, Instagram, Twitter и др.) од страна на судиите.

**22.06.2020, Скопје**

**Советодавно тело за етика на судиите и судиите поротници**
**Здружение на судиите на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Мирјана Радевска Стефкова**